20240641458

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА РЕГИОНАЛНА ГАСИФИКАЦИЈА, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРЕНОС НА ПРИРОДЕН ГАС НОМАГАС СКОПЈЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ И ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ

Се прогласува Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за регионална гасификација, кој ќе се склучи меѓу Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост и Европската банка за обнова и развој,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 13 март 2024 година.

Бр. 08-1951/1
13 март 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Јован Митрески,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА РЕГИОНАЛНА ГАСИФИКАЦИЈА, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРЕНОС НА ПРИРОДЕН ГАС НОМАГАС СКОПЈЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ И ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ

Член 1

Република Северна Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем за финансирање на Проектот за регионална гасификација, кој ќе се склучи меѓу Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост и Европската банка за обнова и развој во износ до 98.600.000 евра, доколку Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот се утврдуваат со Договорот за заем од членот 1 од овој закон, кој ќе се склучи меѓу Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост и Европската банка за обнова и развој за финансирање на Проектот за регионална гасификација.

Член 3

Сите обврски кои произлегуваат од Договорот за заем од членот 1 од овој закон, како и сервисирањето на заемот, ќе ги врши Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост од приходите што ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем од членот 1 од овој закон.

Член 4

Заемот од членот 1 од овој закон се доделува во две транши. Првата транша е во износ од 66.344.000 евра, а втората транша е во износ од 32.256.000 евра.

Каматната стапка е варијабилна и се состои од шестмесечен ЕУРИБОР зголемен за маргина од 1%.

Рокот за отплата на двете транши од заемот од ставот 1 на овој член е 15 години со вклучен, грејс-период од три години. Двете транши од заемот ќе се отплаќаат во 24 полугодишни рати, на 10 јуни и на 10 декември секоја година. Рокот на отплата на првата транша започнува од првиот датум од навршување на третата година од склучување на Договорот за заем, додека рокот за отплата на втората транша започнува од првиот датум од навршување на третата година од денот на достапноста за користење на втората транша.

Европската банка за обнова и развој во име на заемопримачот ќе повлече од средствата на заемот еднократна провизија во висина од 1% од износот на првата транша во рок од седум дена од денот на ефективност на првата транша.

Европската банка за обнова и развој во име на заемопримачот ќе повлече од средствата на заемот еднократна провизија во висина од 1% од износот на втората транша во рок од седум дена од денот на достапноста за користење на втората транша.

Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост ќе ѝ плаќа на Европската банка за обнова и развој провизија за неповлечени средства во висина од 0,5% од заемот на годишно ниво.

Провизијата за неповлечени средства за првата транша ќе започне да се пресметува по 60 дена од денот на потпишувањето на Договорот за заем од членот 1 од овој закон.

Провизијата за неповлечени средства за втората транша ќе започне да се пресметува по 60 дена од денот на достапноста за користењето на втората транша.

Член 5

За регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од Договорот за заем од членот 1 од овој закон и од Договорот за гаранција, Министерството за финансии и Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, ќе склучат посебен договор.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.